# Обезбедување квалитетно образование во СзР

Градењето капацитети (ГК) е основна задача на развојната соработка. Германската соработка за развој го дефинира градењето капацитети како развивање способност на луѓето, организациите и општествата за ефективно и ефикасно управување со ресурсите, а со цел да ги реализираат сопствените цели на одржлив начин.[1] Во овој поглед, и при користење на оваа дефиниција, ГК треба да се спроведува на различни нивоа. Во областа „Спорт за развој" (СзР) се спроведува на следниве нивоа:

- **Индивидуално ниво:**
    - Спортско-педагошка квалификација на поединци преку работилници на теми од областа на СзР, приоди во СзР, методи и компетенции. Види: ;
- **Организациско ниво:**
    - Советодавни услуги во врска со интегрирање на СзР во структурите, процесите и програмите на организациите за СзР;
- **Општествено ниво:**
    - Соработка и развој на мрежи преку воспоставување, развој и управување со договори за соработка, како и преку градење и одржување мрежи меѓу различни вклучени страни во СзР.
      Системски развој на политики: вградување на СзР во документи за политики, стратегии и акциски планови, како и буџетирање на покривни организации, министерства или национални агенции.

→ Види: Насоки за ГК во областа на СзР (→ Guidelines CD in the field of S4D)

**Овој документ претставува модел за обезбедување висококвалитетно образование и одржлив процес на градење капацитети на <u>индивидуално ниво</u>,** а со тоа и за подобрување на проектите во областа на СзР воопшто. Процесот е поделен на три фази - подготовка, спроведување и последователно следење, коишто имаат свои цели и задачи. Со примена на овој модел, вклучително и на опишаните активности за Следење и оценување (СиО), практичарите и инструкторите во областа на СзР ќе постигнат висококвалитетна обука којашто поддржува одрживо ГК.

[1] Извор: GIZ (2015). Cooperation Management for Practitioners – Managing Social Change with Capacity Works. Wiesbaden: Springer Gabler.

## Процес на градење капацитети на индивидуално ниво

Пред да започнете со подготовка на содржина за работилница по СзР, важно е да направите темелна анализа на ситуацијата во вашата земја или регион. Дополнително, треба да ги проверите достапните ресурси преку процена на потребите. Планирањето на вашата работилница по СзР подразбира дефинирање на контекстот специфичен за земјата, како што се политички и социо-економски фактори, коишто се од важност за спроведувањето и за едукативните содржини (при започнување советодавни процеси во нова земја и на редовна основа), како и утврдување на национални и меѓународни клучни партнери.[2]

По спроведување анализа на состојбата и процена на потребите се одвива цикличен процес, којшто овде е означен како „Процес на градење капацитети (ГК)". Следната слика А дава приказ на идеалниот „Процес на ГК". Процесот е поделен во три фази: подготовка (фаза I), спроведување (фаза II) и активности за последователно следење (фаза III):




Слика А: Идеален Процес на ГК

На индивидуално ниво, ГК во контекст на СзР може да биде насочено кон поединци коишто работат со деца/млади (т.н. обучувачи) и/или кон лица коишто работат во контекст на настава за возрасни (т.н. инструктори). Двете целни групи имаат специфични потреби коишто мора да бидат опфатени со добро планирани работилници со цел да ги подобрат нивните капацитети за спроведување активности за СзР со деца/млади (по обучувачи) или за подучување други обучувачи по методот СзР (по инструктори). Овој документ дава преглед на општите процеси за ГК на индивидуално ниво за обучувачи и инструктори; документот ќе одреди дали и кога се потребни.

Подготовката, спроведувањето и активностите за последователно следење на едукативен процес за ГК за поединци треба да бидат непрекинат процес. Тоа значи дека треба постојано да ја приспособувате содржината на едукативната обука во зависност од резултатите при пилотирање на работилница или во активности за последователно следење. Приспособувањето треба да се заснова на повратни информации и достапни податоци за работилниците. Оттука, СиО треба да биде вклучено во сите фази бидејќи влијае врз и дава увид во можно приспособување на содржината на обуките во зависност од локалните потреби и состојби. Тоа дополнително овозможува и процена на влијанието на мерките за обука на учесниците и

[2] Види Инструмент 2 (Општествени модели и трендови), Инструмент 4 (Клучни предизвици: СВОТ), Инструмент 9 (Мапа на вклучени страни), Инструмент 11 (Интереси на клучни вклучени страни), Инструмент 17 (Анализа на потреби) во следниот извор: *GIZ. (2015). Cooperation Management for Practitioners – Managing Social Change with Capacity Works. Wiesbaden: Springer Gabler.*

наставата. Во следните делови детално се опишуваат фазите, односно можни мерки за СиО ќе бидат опишани во полињата за текст.

## ФАЗА I: Подготовка на содржина за СзР

Првата фаза подразбира подготовка и документирање на содржина за СзР, којашто ќе биде вклучена на првата работилница. Идеално, ова треба да биде во вид на **концепт на работилницата по СзР**; при што концептот ги утврдува сите важни аспекти на работилницата. За правилно разработка, разбирање и прецизирање на содржината на концептот за работилницата, потребно е да ја запишете. Притоа треба да ги опфаќа следниве аспекти:

А. Основни информации за работилницата (Вовед)

- Каков е **контекстот, ситуацијата** и **потребата** за работилницата?
- Дали работилницата **е дел од проекти/програми**?
- Кои **организации** се вклучени?

Б. Општа цел и посебни цели на работилницата и целната група

- Кон каков вид крупни активности или општа **цел** придонесува работилницата?
- Кои **посебни цели** се поставени во однос на способностите, знаењето, вештините и компетенциите што треба да се стекнат преку учество на работилницата по СзР?
- Кои се **учесниците** (обучувачи или инструктори)?
  → Види: Образец: Информативен лист пред курс (→ Template: Pre Course Information Sheet)
  → Види: Manual/Guideline S4D Coaches and Instructors
- Кому ќе се обраќаат образованите поединци? Кои се **корисниците**?
  → Обучувачи → деца/млади;
  → Инструктори → обучувачи.

В. Организациски аспекти

- Какви се **логистичките услови**?
  → На пример, место, превоз, потребен простор, сместување, спортски локалитет, итн.
- Кој има какви **улоги и одговорности**?
  → На пример, обучувач/и на работилница, ко-олеснувач, партнер, итн.
- Дали работилницата е **сертифицирана**? Од кого?
  → Опис на критериумите за успешно завршување на работилница
  → Види: Образец: Сертификат (→Template: Certificate)
- Како ќе се спроведе **СиО** на работилницата?
  → Развој на алатки за проверка на резултати (на пример, Насоки: Алтернативни опции за добивање повратни информации (Guideline Options for Receiving Feedback); види ПОЛЕ 2)

Г. Опис на постапка и содржина на работилница

- Кои се **клучните содржини** на работилницата во теорија и практика? (т.е. теми во областа на СзР, спорт)
- Какво **знаење, способности и компетенции** се подучуваат/учат во теорија и во практика?
- Како изгледа **структурата** на работилницата? (Образец: Агенда → Template: Agenda);
- Кои **методологии** за настава и учење ќе се применуваат? Како ќе им биде пренесено знаење, способности и компетенции на учесниците?
- Кои **документи за курсот/дидактички материјал** (алатки, прирачници, печатени материјали и друго) сакате да ги користите? Дали документите/дидактичкиот материјал на овие курсеви треба да бидат ново конципирани и напишани? Кој ќе го стори ова?

**ПОЛЕ 1: Следење и оценување при подготовка на содржина во областа на СзР**

Оценувањето во Фаза I се темели врз претходно добиените информации (анализа на состојба и процена на потреби), и како такви информациите се обработуваат понатаму и се додаваат поконкретни информации коишто директно се однесуваат на работилницата. Ова вклучува информации за **корисниците** (на коишто учесниците на работилницата ќе им нудат сесии за обука, имено деца и млади), како и **целна група** (идни учесници на работилницата). Во врска со целната група, важни информации што треба да се добијат се вкупниот број на учесници, пол на учесниците, квалификации, претходно образование, способности, работно искуство и очекувања.

Придружни прашања во процесот на добивање податоци се следниве:

- ✓ Кој контекст е специфичен за земјата/регионот или каков е локалниот контекст на проектот?
- ✓ На кој начин може да се користи спортот како инструмент за развој?
- ✓ Кој вид спорт треба да се користи; кој вид спорт ќе има широк опсег во рамките на земјата/регионот?
- ✓ Како би можел да изгледа приод во областа на СзР?[3]
- ✓ Кои луѓе треба конечно да имаат корист од приодот во СзР (на пример, маргинализирани групи како корисници)?
- ✓ Кои организации работат во областа на спортот (за развој) и можат да бидат можен партнер и организација за спроведување?
- ✓ Кои лица треба да бидат едуцирани за СзР како идни медијатори?
- ✓ итн.

Резултатите од какво било оценување треба да ги сумирате во извештај. Ова ќе ви помогне да подготвите содржини во областа на СзР за која било едукативна работилница што претстои во иднина.

[3] Приод подразбира „примена на спорт како инструмент за развој“. Развојните цели се специфични за секоја земја, на пример, во Палестина спортот се користи како инструмент за развој на вештини за вработување на младите.

## ФАЗА II: (Пилот-) Спроведување

Пред да одржите работилница или низа работилници, треба да го тестирате развиениот концепт, како и неговите специфични содржини преку **пилот-работилница**; тоа ќе овозможи увид во избраните содржини и методи, распределба на времето и организациски аспекти. Овие сознанија ќе ви помогнат да одлучите дали нешто треба да се ревидира (види Чекор А подолу). Пилот-работилница е работилница што се одржува како тест или „пробна“ работилница. Можно е да имате помалку учесници на пилот-работилницата отколку на „вистинската“ работилница и да скратите делови од содржината на работилницата. Сепак, неопходно е целокупниот концепт да се однесува на работилницата, така што содржините, методите, организациските прашања (т.е. логистика, управување со време) можат да се ревидираат. Идеално, пилот-работилница се одржува секогаш кога некој концепт е ново развиен или ако целната група е нова или променета. Одржувањето пилот-работилница помага посоодветно да ја приспособите вистинската работилница на целната група и на дадениот контекст.

По одржување на „тест работилница“, програмата за работилница по СзР се спроведува во согласност со (ревидираниот) концепт и агенда (види Чекор Б подолу).

Постојат некои општи точки што секогаш треба да ги имате предвид при одржување на работилница по СзР:

- Одржете рамнотежа меѓу теоретскиот и практичниот дел (барем 50:50, а во секој случај доволно време за практични сесии);
- Закажете доволно време за размена (споделување знаење, искуства и слично);
- Наместо да разговарате површно за голем број теми, подобро е детално да се опфатат неколку теми.

На кратко, следниве чекори ги даваат главните насоки во овој процес:

А. Спроведување на пилот-работилница и ревизија (ако е можно)

- Одржување на работилницата/наставата во согласност со концептот;
- Тестирање на секој аспект на концептот и неговата имплементација (на пример, организациски прашања, временска линија, алатки, методи и дидактика, итн.);
- Процена на кохерентноста на целите и содржината на работилницата;
- Ревидирање на содржината, структурата, методите, итн.

Б. Спроведување на работилница (приспособен завршен процес на одржување настава и учење):

- Одржување на работилницата/наставата во согласност со ревидираниот концепт и агенда;
- Спроведување ОиС;
- Известување (види: Насоки за известување → Reporting Guidelines short version, long version).

**ПОЛЕ 2: Следење и оценување (СиО) при спроведување (пилот) работилница**

При спроведување (пилот) работилница, СиО се фокусира на стекнатото знаење на учесниците, подобрените компетенции, способноста да ги применат содржините во реални животни ситуации и задоволството од работилницата. Овие информации ќе ви овозможат да ја оцените работилницата и крајниот резултат од работилницата, како и да можете да предложите/ спроведете приспособување на идна работилница, доколку е потребно. Покрај тоа, ќе добиете информации во врска со остварливоста на спроведување работилница (успеси и ограничувања), нејзината содржина и временската рамка.

Податоците се собираат при спроведување на (пилот) работилница (на пример, Образец: Список за присуство, слики), како и по завршување на работилница (на пример, Алатка за СиО: Претходни прашалници/последователни прашалници, Насоки: Алтернативни опции за добивање повратни информации).

→ види Template: Attendance List
→ види Guideline: Options for Receiving Feedback
→ Алатка за СиО: Претходни прашалници/последователни прашалници
- M&E Tool/Template "Pre Questionnaire for Coach Workshops"
- M&E Tool/Template "Post Questionnaire for Coach Workshops"
- M&E Tool/Template "Pre Questionnaire for PE Teacher Workshops"
- M&E Tool/Template "Post Questionnaire for PE Teacher Workshops"
- M&E Tool/Template "Pre Questionnaire for Instructor Workshops"
- M&E Tool/Template "Post Questionnaire for Instructor Workshops"

Придружни прашања во процесот на добивање податоци се следниве:

✓ На кои начини бил успешен концептот?
✓ Дали материјалот, алатките, методите и дидактичкиот материјал биле соодветни?
✓ Ако има недостатоци во резултатите, со што се поврзани или на што се припишуваат? (на пример, на изработката на наставната програма, на начинот на спроведување, на студентите?)
✓ Кои заклучоци можат да се извлечат од резултатите?
✓ Како треба да се ревидира концептот?
✓ Итн.

Резултатите од работилницата и од оценувањето треба да се сумираат во извештај (види: Насоки за известување → Reporting Guidelines short version, long version). Ова ќе ви помогне да го приспособите концептот на работилницата со цел да биде поефективна.

## ФАЗА III: Активности за последователно следење

Последователното следење (фаза III) на квалификуваните лица е од клучно значење, особено во врска со јакнење на едукативните содржини на одржлив начин. Последователното следење има за цел да ги зајакне стекнатите знаења и способности на учесниците во работилницата, при што се гарантира спроведување на содржината за СзР на терен и се адресираат корисниците. Важно е да се знае за таканаречениот „ефект на работилница", којшто се дефинира како еуфорија и нова мотивација добиена првично преку учество во работилницата; оваа еуфорија може брзо да се претвори во нула кога учесниците ќе се вратат во вообичаената работна средина. Пренесувањето на стекнатото знаење и способности во работен контекст е најтешкиот чекор, особено ако учесниците немаат поддршка, ресурси и ако самостојно се обидуваат да го применат концептот. Како такви, учесниците во работилницата треба да бидат надгледувани и да им се обезбедува поддршка по работилницата; во спротивно, некои можеби (нема да знаат како) да ги применат новите содржини и методи.

Во овој документ, активноста за последователно следење се нарекува Последователни посети на обучувачи. Учесниците на работилницата (обучувачи) се надгледуваат по завршување на работилницата, за време на нивните сесии од обука со деца/млади. Вие можеби ќе сакате да обезбедите последователни работилници за следење на инструкторите и на обучувачите. Без разлика во кој формат, неопходни се активности за последователно следење со цел да се обезбеди0 одржливо спроведување на СзР!

Последователните посети на обучувачи за учесниците на работилницата имаат за цел да ги придружуваат учесниците (обучувачите) и да ги поддржуваат во спроведувањето на сесија од обука. Тие добиваат насоки и повратни информации за специфичните знаења, вештини и способности што ги научиле за време на работилницата за СзР.

Чекори што треба да се следат на последователните посети на обучувачи се следниве (види: Насоки: Како да се изведат Последователни посети? → Guideline: How to Perform Follow-up Coaching Visits?)):

- Избор на лица коишто би ја спровеле последователната посета со учесниците (на пример, посредник на работилница, партнери);
  - → Во најдобар случај, посетите ги спроведува истото лице (лица) за да се обезбеди споредливост;
- Избор на учесници на работилница (обучувачи) што треба да се посетат (примерок по регион, организација, итн.)
  - → Иако не е можно да се посетат сите квалификувани обучувачи, мора да се изработат критериуми за процесот на селекција (на пример, обучувачи од одредени региони);
- Избор на датум и време за посета
  - → Во најдобар случај, последователната посета се случува три пати: 3-5 недели, 2-3 месеци и 4-6 месеци по работилницата;
- Одржување последователна посета на обучувач за време на сесија од обука понудена од обучувачи;

- Повратни информации и поддршка од обучувачи (види: Упатство за давање конструктивни повратни информации → Guidelines for Giving Constructive Feedback).

**ПОЛЕ 3: Следење и оценување (СиО) за време на и по активности за последователно следење**

За време на последователни посети, треба да се добијат квантитативни и квалитативни податоци (преку набљудувања, анкети и интервјуа; види Алатка за ОиС: Последователна кратка анкета за обучувачи и Алатка за СиО: Последователно набљудување и интервју) коишто даваат информации за применетата метода и другите аспекти научени за време на работилница. Понатаму, предностите и слабостите во апликацијата на учесникот, како и дефинирањето на методот, предизвиците, потребите и употребата на прирачникот може да се утврдат преку овие Последователни посети на обучувачи. Врз основа на овие информации, посетителот/набљудувачот формулира конструктивни повратни информации за обучувачите.

→ Follow-Up Short Coach Questionnaire (also available in AR, ES, PT, TR)
→ Follow-Up Short Instructor Questionnaire (also available in AR, ES, PT, TR)
→ Follow-up Training Observation & Interview

Следниве прашања даваат насоки во процесот на оценување на долгорочниот ефект и поддршката на обучувачите:

- ✓ Дали обучувачите го спроведуваат на нивните сесии од обука она што го научиле на работилницата?
- ✓ Со каков квалитет обучувачите спроведуваат СзР?
- ✓ Дали обучувачите ја преземаат улогата на модел/пример, којашто ја научиле на работилницата?
- ✓ Со кои предизвици се среќаваат обучувачите при спроведување на содржината на работилница во реални ситуации? Како ги решаваат?
- ✓ Како да се поддржуваат тренерите на теренот?

Резултатите од работилницата треба да се сумираат во завршен извештај. Ова ќе ви помогне да го следите процесот на квалификувани поединци и да планирате (доколку е потребно) активности за последователно следење со цел да се зајакне спроведувањето на содржината на работилница по СзР.